ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 07. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2650/1 | | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Велица С. Серафимовиќ
Бојан Стојаноски
Љупчо Пренџов
Бране Петрушевски

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/24 и бр.14/25) се уредуваат употребата на македонскиот јазик, утврден со Уставот на Република Северна Македонија како службен јазик на целата територија на Република Северна Македонија и во меѓународните односи, основањето на Советот за македонски јазик и неговите надлежности, условите и постапката за полагање на испитот за добивање лекторска лиценца, основањето на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик и неговите надлежности, надзорот над спроведувањето на овој закон и други прашања од значење за употребата на македонскиот јазик.

Со Законот е утврдено дека работите на инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон ги вршат инспектори за македонски јазик (во натамошниот текст: инспекторите) на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице. Инспекторатот има својство на правно лице со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување во согласност со закон и одлучува за правата и обврските за работен однос.

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 декември 2024 година го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 272/24) со кој од Законот за инспекциски надзор ја избриша одредбата која се утврдуваше дека инспекциските служби организирани како органи во состав на министерствата имаат својство на правно лице.

Имајќи го предвид донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, се предлага измена на Законот за употребата на македонскиот јазик.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на законот се заснова на истите цели и начела на кои се заснова Законот за употребата на македонскиот јазик.

Со донесувањето на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на македонскиот јазик ќе се овозможи усогласување на Законот со Законот за инспекциски надзор.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајќи го во предвид погоре наведеното, а согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и од причина што не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Член 1

Во Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 21/24 и 14/25), во член 22 во ставот (1) зборовите: „со својство на правно лице“ се бришат.

Ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 2

По членот 22 се додава нов член 22-а, кој гласи:

„Член 22-а

(1) Со работата на Инспекторатот раководи директор.

(2) Директорот на Инспекторатот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(3) За именување на директорот на Инспекторатот, Владата на Република Северна Македонија објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден на весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Директорот на Инспекторатот има мандат од четири години и може повторно да биде именуван само уште еден мандат.“.

Член 3

Во член 23 точката 5) се менува и гласи:

„поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга;“.

Член 4

Членот 24 се менува и гласи:

„ Директорот своите надлежностите ги извршува во согласност со членот 30 од Законот за инспекциски надзор.“.

Член 5

По членот 24 се додава нов член 24-а, кој гласи:

„Член 24-а

(1) Мандатот на директорот на Инспекторатот му престанува на негово лично барање, односно оставка поднесена во писмена форма и по сила на закон во еден од следниве случаи:

- ако кај него настанала трајна или привремена неспособност за непречено вршење на функцијата подолго од шест месеци или настанала смрт и

- ако се стекне со услови за остварување на правото на старосна пензија.

(2) Директорот на Инспекторатот може да биде разрешен од Владата на Република Северна Македонија, пред истекот на мандатот за којшто е именуван, во еден од следниве случаи:

- ако не работи и не постапува според овој и друг закон и актите на Инспекторатот и

- ако со своја несовесна и неправилна работа предизвика нарушување во вршењето на работите на Инспекторатот и причини штета.

(3) Ако е истечен мандатот на директорот или предвреме е разрешен, Владата на Република Северна Македонија ќе именува вршител на должноста директор.

(4) Вршителот на должноста директор има мандат до именувањето нов директор на Инспекторатот, но не подолго од три месеци.“.

Член 6

Членот 26 се брише.

Член 7

(1) Министерството за култура и туризам во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон е должно да ги усогласи актите за внатрешна организација и систематизација на Министерството за култура и туризам со одредбите од овој закон.

(2) Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик по усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на Министерството за култура и туризам со одредбите од овој закон, ќе започне со работа како орган во состав на Министерството за култура и туризам.

Член 8

Директорот на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот употребата на македонскиот јазик содржи девет члена.

Со членот 1 од Предлогот на закон се утврдува превниот статус на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик како орган во состав на Министерството за култура и туризам, односно со овој член се менува членот 22 од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/24 и 14/25), со што на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик му се брише својството на правно лице и на тој начин се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Со членот 2 од Предлогот на Закон се утврдува постапката за именување на директор на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик.

Со членот 3 се менува и дополнува членот 23 од Законот, во однос на општите услови за именување на директор, односно се уредува еден од условите за именување на директор Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик, да биде и поседување на уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.

Со членвите 4 и 6 од Предлгот на закон во делот на надлежностите на директорот на Инспекторатот се врши целосно усогласување со Законот за инспекциски надзор.

Со членот 5 од Предлогот на Закон се утврдуваат причините за престанокот на мандатот, односно за разрешување на директор на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик.

Со членот 7 од Предлогот на Закон се утврдува дека Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик продолжува да работи како орган во состав на Министерството за култура и туризам, при што Министерството за култура и туризам во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон е должно да ги усогласи актите за внатрешна организација и систематизација на Министерството за култура и туризам со одредбите од овој закон.

Членот 8 е преодна одредба со која се дава можност директорот на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Со членот 9 се уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани со решенијата утврдени во Законот за употребата на македонскиот јазик.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на Предлогот на закон ќе се овозможи усогласеност на Законот за употребата на македонскиот јазик со Законот за инспекциски надзор, во делот на одредбите кои се однесуваат на правниот статус на Инпекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
КОИ СЕ МЕНУВААТ, ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

Член 22

(1) Работите на инспекциски надзор над примената на овој закон и на прописите донесени врз основа на овој закон ги вршат инспектори за македонски јазик (во натамошниот текст: инспекторите) на Инспекторатот за употребата на македонскиот стандарден јазик (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице.

(2) Инспекторатот има својство на правно лице со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување во согласност со закон и одлучува за правата и обврските за работен однос.

(3) Во постапката за вршење инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка и од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 23

За директор на Инспекторатот може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) има државјанство на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

3) има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или има завршено VII/1 степен високо образование на студиските програми Македонски јазик или Македонски јазик и книжевност, со прв главен предмет Македонски јазик;

4) има најмалку шест години работно искуство по дипломирањето во областа на македонскиот јазик;

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку ниво Б2 (B2),
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2);

6) поседува потврда за активно познавање компјутерски програми за канцелариско работење и

7) поседува лекторска лиценца.

Член 24

(1) Директорот на Инспекторатот:

1) ја координира и ја организира работата на Инспекторатот;
2) го претставува и го застапува Инспекторатот;
3) презема правни дејства во име и за сметка на Инспекторатот;

4) обезбедува услови за ефикасна примена на законите и на прописите што се однесуваат на инспекцискиот надзор;
5) одлучува за правата и обврските на вработените во Инспекторатот;
6) обезбедува услови за стручно усовршување и за специјализирана обука на инспекторите;
7) донесува акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места во Инспекторатот;
8) донесува програмски и извештајни документи, вклучително:
- стратешки план на Инспекторатот,
- годишен план за работа на Инспекторатот,
- годишна програма за специјализирана обука на инспекторите,
- извештај за работа на Инспекторатот,
- шестмесечен извештај за работата на секој инспектор,
- месечен план за работа на секој инспектор и
- други документи и акти предвидени со закон;
9) донесува и други акти за кои е овластен;
10) обезбедува јавност во работењето на Инспекторатот и
11) извршува други работи од надлежност на Инспекторатот во согласност со закон.

(2) Во отсуство на директорот или кога поради болест или други причини тој не е во можност да ја извршува функцијата, него го заменува еден од раководните инспектори за македонски јазик, овластен од директорот, кој ги исполнува условите од членот 23 од овој закон.

Член 26

Инспекцискиот надзор се врши по налог на директорот или по налог на лице овластено од директорот